Врз основа на член 165 од Законот за јавните набавки ("Сл.весник на РМ" бр.136/2007, 130/2008, 97/2010, 53/2011, 185/2011, 15/2013, 148/2013, 160/2013, 28/2014, 43/2014, 130/2014, 180/2014, 78/2015, 192/2015, 27/2016, 120/16, 165/17 и 83/18) и Одлуката за избор на најповолна понуда бр.05-3017/2 од 13.11.2018 година, на ден 27.11.2018 година се склучува

АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 05-3017/5
27.11. 2018 год.
СКОПЈЕ

Друштво за вработување на инвалидни лица за графичка дејност СВЕТЛОСТ ГРАФИКА ДООЕЛ
Бр. 0507/74
27-11 2018 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР
## за јавна набавка на услуги

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**, со седиште на ул.Васил Ѓоргов бр.43 - Скопје, застапувана од Директорот Билјана Јовановска (во понатамошниот текст: Договорен орган) од една страна,
   и
2. **Друштво за вработување на инвалидни лица за графичка дејност СВЕТЛОСТ ГРАФИКА ДООЕЛ Скопје,** со седиште на ул.101 бр.25 Волково, Ѓорче Петров - Скопје, застапувано од Управителот Благоја Ристовски (во натамошниот текст: Носител на набавката) од друга страна

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој Договор е набавка на печатарски услуги за потребите на Агенцијата за вработување на Република Македонија согласно техничките спецификации, содржани во тендерската документација за постапка со барање за прибирање на понуди по Оглас бр.15/2018.

## III. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Јазик на Договорот и на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е Македонскиот јазик.

## IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Единечните цени и количини на поединечните ставки се дадени во конечната понуда на Носителот на набавката од 15.11.2018 година, која е составен дел на овој Договор:

| Ред. Бр. | Опис | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (4*5) | ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | |
| 1 | ЛКР - зелен контролен картон -димензии 165x115мм -250 гр бездрвен картон<br>Печатење 2/1 со вклучена подготовка | парче | 165 200 | 0,8500 | 140.420,00 | 25.275,60 |
| 2 | Бели предмет хромо папки со преклоп -димензии 225x320мм (склопена) -320 гр хромо картон<br>Печатење 1/1 со вклучена подготовка | парче | 15 000 | 7,6506 | 114.759,00 | 20.656,62 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | Предмет - кошулица А3<br>-80 гр бездрвна хартија<br>Печатење 1/1 со вклучена подготовка | парче | 70 450 | 1,0800 | 76.086,00 | 13.695,48 |
| 4 | Плик-повратница<br>-димензии 230x105мм (склопена) -перфорирана и лепена<br>-70 гр бездрвна хартија<br>Печатење 2/1 со вклучена подготовка | парче | 30 000 | 1,7000 | 51.000,00 | 9.180,00 |
| 5 | Коверти мали Б6<br>-димензии 114x162мм<br>-со лента самолепливи<br>-во сопственост на АВРМ<br>Печатење 1/1 со вклучена подготовка | парче | 37 100 | 0,8100 | 30.051,00 | 5.409,18 |
| 6 | Коверти средни Б5<br>-димензии 176x250мм<br>-со лента самолепливи<br>-во сопственост на АВРМ<br>Печатење 1/1 со вклучена подготовка | парче | 23 200 | 0,8100 | 18.792,00 | 3.382,56 |
| 7 | Коверти големи Б4<br>-димензии 250x353мм<br>-со лента самолепливи<br>-во сопственост на АВРМ<br>Печатење 1/1 со вклучена подготовка | парче | 13 900 | 0,8101 | 11.260,00 | 2.026,80 |
| 8 | Коверти АПТПД<br>-димензии 110x230мм<br>-со лента самолепливи<br>-во сопственост на АВРМ<br>Печатење 1/1 со вклучена подготовка | парче | 35 550 | 0,8200 | 29.151,00 | 5.247,18 |
| 9 | Визит карти<br>-димензии 90x50мм<br>-двострани, во колор<br>-250 гр кунздрук хартија<br>Печатење 2/4 со вклучен дизајн, подготовка и промена на податоци за различни лица | парче | 5 500 | 3,3800 | 18.590,00 | 3.346,20 |
| Вкупна цена на листата без ДДВ 490.109,00<br>Со зборови: четиристотни деведесет илјади сто и девет денари | | | | | | |

Вкупната цена на предметот на договорот за јавна набавка од член 1 на овој Договор изнесува 490.109,00 МКД (четиристотни деведесет илјади сто и девет денари), без вклучен ДДВ.
Во вкупната цена се засметани сите трошоци и попусти, а вредноста на ДДВ е искажана посебно.
Вкупниот износ на ДДВ изнесува 88.219,62 денари.
Вкупната вредност на овој Договор со вклучен ДДВ изнесува **578.329,00 МКД** (петстотини седумдесет и осум илјади триста дваесет и девет денари).

## V. РАЗЛИКИ ВО ЦЕНА

Член 4

Цената искажана во понудата на Носителот на набавката е фиксна и не е предмет на било какви прилагодувања за време на извршувањето на Договорот.

## VI. НАЧИН И РОК ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ

Член 5

Носителот на набавката е должен испораката на печатените материјали од точка 1 до точка 8 да ја изврши франко магацин на договорниот орган лоциран во Скопје, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на склучување на договорот за јавна набавка.
Испораката на визит картите (точка 9) треба да се изврши франко магацин на договорниот орган лоциран во Скопје, во рок од најмногу 10 (десет) дена од денот на потврдена нарачка за точно дефиниран дизајн и количина по лице.

Член 6

Испораката се смета за извршена со потпишување на испратница од овластени лица на двете договорни страни.

## VII. ГАРАНЦИЈА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 7

Навременото и квалитетно извршување на Договорот, според условите од истиот, Носителот на набавката го гарантира со доставување на безусловна банкарска гаранција издадена од реномирана (респектабилна) банкарска институција, во висина од 10% од вредноста на Договорот.
Договорниот орган може да ја наплати гаранцијата поради повреда на договорните обврски од страна на Носителот на набавката.
Доколку дојде до наплата на гаранцијата, истото ќе резултира со издавање на негативна референца за предметниот Носител на набавката, на начин и согласно условите утврдени во Законот за јавните набавки.
Во услови на навремено и квалитетно извршување на обврските, гаранцијата му се враќа на Носителот на набавката во рок од 14 дена од целосното реализирање на Договорот.

## VIII. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 8

Плаќањето на услугите кои се предмет на набавка ќе се изврши во рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата во архивата на Договорниот орган на ул. "Васил Ѓоргов" бр.43-Скопје, на банкарска сметка посочена од страна на Носителот на набавката.
Фактурата мора да биде придружена со испратница, потпишана од овластени лица на двете договорни страни.

## IX. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

Член 9

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, ќе се применуваат важечките прописи на Република Македонија.

## X. ВИША СИЛА

Член 10

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за Вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.
По отстранување на Вишата сила Договорот може да се реализира по потреба со заеднички прифатено дополнување или да се раскине договорно.

## XI. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 11

Договорните страни може да ги изменат и/или дополнат одредбите од овој Договор само спогодбено со склучување Анекс на Договорот.

Договорната страна која бара измени и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Измените и дополнувањата на овој Договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

Член 12

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено, ќе ги решава Основен Суд Скопје II - Скопје.

Член 13

Овој Договор е составен во 5 (пет) еднакви примероци, од кои 3 (три) за Договорниот орган и 2 (два) за Носителот на набавката.

Договорен орган
**АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Носител на набавката
**Друштво за вработување на инвалидни лица за графичка дејност СВЕТЛОСТ ГРАФИКА ДООЕЛ Скопје**

Менка Гугулевска
Претседател на Комисија за јавна набавка
Снежана Јовановска-Ацева
Раководител на Одделение за јавни набавки
Весна Пешова
Раководител на Сектор за правни и административни работи

Директор
Билјана Јовановска

Управител
Благоја Ристовски

Друштво за вработување на инвалидни лица за графичка дејност
СВЕТЛОСТ ГРАФИКА
ДООЕЛ
СКОПЈЕ